## ДРУГАРИ

Авни ја загуби ужината. За време на големиот одмор сите ја јадеа својата ужина, само тој стоеше на страна.

– Зошто не јадеш? – го праша Бени.
– Ја загубив ужината – одговори Авни.
– Жалосно – забележа Бени и продолжи да си јаде.
– А, каде ја загуби ужината?
– Не знам – одговори Авни и ја сврте главата.

Агим ништо не прашуваше. Му се приближи на Авни, ја преполови својата ужина и му ја даде.

КОЈ ЈА ЗАГУБИЛ УЖИНАТА?

КОЈ МУ ДАЛ УЖИНА НА АВНИ?

ДАЛИ БЕНИ БИЛ ВИСТИНСКИ ДРУГАР?

LIVEWORKSHEETS